

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**Здружение на новинарите на Македонија**
*декември 2014 година, Скопје*

**Работата на ЗНМ во периодот 2011-2014 година беше насочена кон неколку клучни прашања:**

**I. Солидарност**
- Демократска промена
- ЗНМ успешна приказна
- Притисокот не направи посилни
- ЗНМ е мнозинско здружение
- ЗНМ со доверба и во јавноста

**II. Резултати**
- Декриминализацијата на клеветата и навредата
- Случај Фокус
- Случај Кежаровски
- Здрави односи со меѓународниот фактор
- Медиумски закони

**III. Медиумска саморегулација, формирање на Совет за етика**

**IV. Останати активности поврзани со работата на ЗНМ**
- Случајот од 24 декември
- Соработка со интернационални и локални партнери

## 1. СОЛИДАРНОСТ

### - ДЕМОКРАТСКА ПРОМЕНА

Поминаа четири тешки години, кога за прв пат на изборно собрание на Здружението на новинарите на Македонија, новинарите на слободни избори го избира раководството на Здружението.  Тоа беше овозможено откако, претходно беа направени клучни измени на Статутот, со кои се напушти дотогашниот делегатски изборен модел и се воведоа слободни избори за избор на раководните органи на ЗНМ.

Тогаш имаше скептици дека ако се смени изборниот модел од делегатски, на непосредни избори, ќе се доведе во прашање постоењето на ЗНМ затоа што новинарите не се заинтересирани за неговото зачувување. Во 2010 година не само што не се оствари оваа црно сценарио, туку се покажа спротивното, поточно над 200 новинари ја презедоа одговорноста и во многу демократска атмосфера и во здрава конкуренција избраа ново раководство кое имаше вистински легитимитет од членството.

На почетокот на овој извештај го истакнуваме демократскиот избор на раководството на ЗНМ затоа што без нив немаше да се направат суштински реформи кои доведоа до институционално зајакнување на организацијата. Непосредните избори им дадоа шанса на сите новинари да избираат и да бидат избрани во раководните органи на ЗНМ. Тоа недвосмислено доведе до зголемување на довербата на новинарите во новото раководство, а со тоа и во ЗНМ. Да не беше изворниот легитимитет од членството и постојаната поддршка од нив, никој од нас, па и ние што раководевме со ЗНМ во изминатите четири години, немаше да успееме да го сочуваме, зајакнеме и развиеме организацијата во силно здружение, кое бескомпромисно ги застапува интересите на новинарите и на професијата.

Промената на изборниот модел овозможи новинарите да ја преземат одговорноста за зајакнување на организацијата, а новото раководство го направи поодговорно  затоа што не смееше да ја изневери довербата од колегите. Нашата одговорност како раководство беше огромна, затоа што ако ние не успеавме таа доверба да ја преточиме во вистинско застапување и во конкретни резултати, не само што ќе се компромитиравме пред вас како неодговорни колеги, туку ќе ги закопавме сите надежи дека ЗНМ може да прерасне во силно здружение, кое ќе биде вистински промотор на слободата на изразувањето и професионалното новинарство.

### - ЗНМ УСПЕШНА ПРИКАЗНА

Денеска пред Вас со гордост можеме да кажеме дека, вредеше Вашиот труд што учествувавте на изминатото изборно собрание и на демократски избори избравте раководство  затоа што силниот легитимитет го направи новото раководство поодговорно. Денеска кога тој легитимитет го враќаме во Ваши раце можеме да Ве погледнеме во очи, затоа што сме сигурни дека за цело време на нашиот мандат секогаш

се водевме од заедничките интереси на новинарите, без разлика под какви притисоци и закани сме биле изложени. Со голема сигурност можеме да кажеме дека раководството на ЗНМ во ниту еден момент не ја изигра Вашата доверба која беше дадена пред четири години. Не беше лесно, но Вашата постојана поддршка беше силна мотивација и ни даваше огромна енергија да не се откажеме од битката на која се уште не и се гледа крајот. Освен тоа, за нас беше огромна привилегија да се застапуваат и да се промовираат интересите на новинарите во Македонија.

ЗНМ стана силен глас на новинарската заедница во Македонија. Во тешки времиња се наметнавме силно како заштитници и промотори на интересите на новинарите и слободата на изразувањето.

Нашето здружение прерасна во бренд на новинарските напори за поголеми новинарски слободи и права. Веќе на сите им е јасно дека без ЗНМ не може да се зборува за новинарските прашања. Без него, не може да се замисли иднината на македонското новинарство. Ние остануваме предводници во справувањето со многубројните идни предизвици.

Заедно, сложно и со упорна и постојана работа успеавме да дадеме јасна дијагноза за исклучително лошите состојби со слободата на изразувањето и слободата на медиумите. Со тоа, помогнавме да се разобличат вистинските намери на власта да ги контролира медиумите. И, на тој начин точно да се лоцира одговорноста на секој сегмент од општеството. Пред домашната и меѓународната јавност јасно покажавме дека најголемата одговорност за лошата состојба со медиумите ја има македонската влада, која според наше мислење е во корупциска спрега со сопствениците на медиумите и со еден дел на уредниците. Клучно беше што ние како новинари ја преземавме одговорноста за промоцијата на професионалното новинарство и активно се вклучивме во потрага по решенија.

Со ваквиот пристап го сменивме јавниот дискурс околу лошата состојба со слободата на медиумите. Веќе не беа само новинарите дежурни виновници за лошите состојби со медиумите, туку ги посочивме вистинските креатори на нашиот коруптивен медиумски систем.

Разобличувањето на овој систем, е прв чекот кон негово менување. Ние сме убедени дека Македонија може да се етаблира како демократска држава, каква што е дефинирана во нашиот Устав, само ако во неа се почитува слободата на изразување и слободата на медиумите.

И ова промена не чекавме да се случи сама по себе. Не чекавме некој друг да го направи тоа што само ние можеме да го направиме за себе. Нудевме решенија за нашите проблеми и се наметнувавме со нашите предлози, добронамерно, постојано, аргументирано и одлучно . Дел од проблемите се надминати, дел остануваат да се решат во наредниот период. Решенијата за преостанатите проблеми во голема мерка зависат од тоа како ние ќе се поставиме како новинари.

- **ПРИТИСОКОТ НЕ НАПРАВИ ПОСИЛНИ**

ЗНМ не потклекна на ударите и притисоците од сите страни и остана исправено во остварувањето на нашата визија и мисија, новинарите да пишуваат слободно без да имаат страв дека за тоа ќе имаат последици. Отворено се соочивме со сите закани и предизвици по нашата професија и нашите интереси.

Ја издржавме жестоката и постојаната медиумска кампања од некои медиуми кои беа оркестрирани од власта. Бевме обвинети дека злоупотребуваме пари, дека имаме сомнителни извори на финансирање, дека сме шпиони на странски служби, дека работиме за одредени центри на моќ, дури се обидоа да не раздвојат и по етничка линија злоупотребувајќи ја и различната етничка припадност на раководителите на ЗНМ. Сето тоа пропадна, затоа што ништо од тоа не беше вистина.

Ние ги издржавме сите удари без разлика од која страна доаѓаа, власта или опозицијата. Не успеаја обидите на власта да не заплашат и да не обесхрабрат, со цел да ни ја затворат устата и да се откажеме од нашите права. Пропадна жестоката медиумска кампања против раководството на ЗНМ, која имаше за цел да не дискредитира и да не маргинализира како новинари, како еснаф и како здружение. Мнозинството новинари остана сплотени околу ЗНМ, иако беа жестоко притиснати и уценети од сопственици на медиуми, уредници, градоначалници, пратеници и министри.

- **ЗНМ Е МНОЗИНСКО ЗДРУЖЕНИЕ**

Ни беше спорено и светото право на новинарите и на граѓаните, правото да се здружуваат, без кое не може да се замисли едно демократско општество. Ние заедно ја осуетивме нивната намера и не дозволивме преку фантомски здруженија, создадени по кабинети, да ја делегитимираат ЗНМ. Ги одвративме од намерата здруженија по нивна мерка да зборуваат во името на мнозинството новинари во Македонија. Го издржавме и тестот на пребројување на членството, кое не може да се забележи во ниту една европска земја. Власта мораше да го признае фактот дека врската меѓу ЗНМ и мнозинството новинари во Македонија е нераскинлива. Над 500 новинари од сите медиуми во Македонија кои пишуваат на различни јазици здружно со раководството го понесоа товарот на зачувување на здружението, иако постојано беа изложени на притисок. Бројката од 550 активни членови во почетокот на 2014 година е за пет пати поголем од бројот на членови од почетокот на 2011 година, кога во нашиот систем имавме само 80 активни членови.

- **ЗНМ СО ДОВЕРБА И ВО ЈАВНОСТА**

Не дозволивме да станеме приврзок на ниту една политичка партија, туку останавме приврзани на интересите на новинарите и на слободата на изразувањето, без кое не може да има слободно и професионално новинарство, во служба на јавниот интерес и на демократското општество.

Овој факт го потврдува изразувањето на довербата на јавноста во граѓанските организации спроведена од Македонскиот центар за меѓународна соработка во 2010 и 2014 година. Пред четири години јавноста, не доживуваше како приврзок на една политичка партија, после четири години веќе ние не сме дел од тоа друштво на граѓански организации.

Напротив, во 2014 година перцепцијата на јавноста за ЗНМ веќе е промената на позитивен правец. Од истражувањето на МЦМС на довербата на граѓаните во невладините организации во 2014 година, македонската јавност ја доживува ЗНМ како една од десетте најуспешни невладини организации во Македонија, иако нашиот буџет ни од блиску не може да се спореди со буџетите на другите големи организации, како што е на пример Црвениот крст.

Јавноста позитивно ја оценува и работата на ЗНМ како една од седумте организации која придонесува за развојот на демократијата и човековите права, а сме лидер организација, која придонесува за мултикултурното општество. Во 2014 година 55 % од македонските граѓани знаат за работата на ЗНМ, а над 80 % слушнале за нашата организација.

Сите овие вкрстени удари и сопки не направија посилни. И не само што го задржавме приматот на мнозинско здружение кое ги застапува интересите на новинарите и се бори за слободата на изразувањето, туку имавме реални успеси во работата.

## 2. РЕЗУЛТАТИ

Во овие тешки времиња успеавме да го извлечеме максимумот од она што можеше да се извлече кога власта силно стави рака врз слободата на медиумите и ги прогласи за дежурен државен непријател новинарите.

ЗНМ има масовно и стабилно членство, зајакнува солидарноста меѓу новинарите, ги ослободивме најголем дел од нашите колеги од притисокот од тужбите за навреда и клевета.

Слободата на медиумите ја кренавме како прво приоритетно прашање во евроатланската агенда на Македонија. Напредокот на европскиот пат води кон драстично подобрување на состојбата со медиумите.

Бевме активни креатори на медиумското законодавство. Без ЗНМ не можеше да се замисли промена или донесување на ново законодавство.

Освен тоа, ЗНМ беше движечката сила за формирање на Советот на етика во медиумите, кое треба да воспостави минимум професионални стандарди, кои ќе ги почитуваат најголем дел од новинарите и медиумите во Македонија.

Практично, се наметнавме како клучен фактор, кој не може да се заобиколи кога се разговара за новинарските работи.

Мнозинството на новинари не поверуваа во приказната дека ЗНМ со дијалогот со власта служеше на нивните интереси. Ние како раководство во тие разговори влеговме искрено и одлучно да ги браниме интересите на новинарите и медиумите. Ние знаевме дека треба да ја искористиме можноста во присуство на меѓународниот фактор да ги адресираме нашите проблеми пред македонската влада, која е одговорна за подобрување на состојбата со слободата на изразувањето во Македонија. Нашата цел беше јасна, да направиме се што е во наша моќ, да ги решиме проблемите со кои се соочуваа нашите колеги.

Презедовме одговорност затоа што знаевме дека, жалејќи се и држејќи се настрана, нема да можеме да промениме ништо. Некогаш сме преземале и ризични чекори се со цел да ја подобриме состојбата во која работат новинарите. За нас на преден план беше интересот на новинарите и на медиумите, а не нашата комоција.

Во тие разговори ние успеавме да го подобриме медиумското законодавство, а во дел да ја намалиме штетата. Ја зајакнеме примената на Законот за радиодифузна дејност со тоа што еден сопственик на медиум беше принуден да даде оставка од пратеничката функција за да излезе од конфликт на интереси.

Ја декриминализираме навредата и клевета и делумно да ја спречиме Владата во нејзините намери да донесе порестриктивна медиумска легислатива, преку кое ќе ги контролира и дисциплинира новинарите и медиумите.

- **ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА НА КЛЕВЕТАТА И НАВРЕДАТА**

За прв пат од своето постоење, ЗНМ лобираше и директно беше вклучено во пишувањето на нов закон. Таков беше случајот со Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Декриминализацијата беше побарано од членството уште на првото неизборно собрание на ЗНМ. Тогаш беше констатирано дека ако Владата не покаже разбирање за ова барање на новинарите, ќе бидат прекината разговорите со Владата. После неколку месечни средби во рамките на работната група за измени на Кривичниот законик во Министерството за правда беше законот беше усвоен во ноември 2012 од Парламентот по предлог на владата.

За овие преговори беше потребно многу работа, трпение и истрајност. Желба за успех. ЗНМ немаше да успее ако ја немаше поддршката од членството но и поддршката на партнерите од ЕУ, САД, ОБСЕ. Но и Владата покажа разбирање и кооперативност да се дојде до решение.
Новото законско решение ги содржи сите барања на новинарите што беа поставени на почетокот на процесот и тоа: **1. Да се амнестираат сите тужби за клевета и навреда** (пред да се донесе законот имаше активни 330 кривични тужби против новинари), **2. Да се укине казната затвор за ова дело**, **3. Да има ограничување на надоместокот за нематеријална штета** и **4. Да има каскадана одговорност меѓу новинарот, уредникот и медиумот за клевета**.

Во јавноста имаше и сеуште има недоумици околу законот. Ние добронамерно ги прифативме овие критики. Сметаме дека законот е добар, но треба да бидеме внимателни како тој ќе се спроведе. Потсетуваме дека **овој закон доби поддршка од ЕУ, ОБСЕ и САД. Таа мерка и дијалогот со ЗНМ беа единствена светла точка во извештајотза напредокот на Македонија на Европската комисија во 2012 година во делот за слободата за изразување.**
Донесувањето на законот не значи дека работата е завршена. Останува можеби најтешкиот дел, примената. Целта на законот беше да им помогне на судиите да ја применат судската пракса од Европскиот суд за човекови права.
Загрижува фактот што јавните личности продолжуваат со леснотија да поднесуваат тужби за клевета и навреда против новинари, а се стравува дека македонските судови не се доволно обучени да го следат духот на судот во Стразбур. ЗНМ го следи процесот и алармираме за ризиците. Ќе реагираме во случај процесот да тргне во погрешен правец.
После две години од усвојувањето на овој закон, во пракса може да се забележи тренд од намалување на тужби за клевета и навреда каде од 330 во кривична постапка намалени се на 45-50. Ова е мерлив успех каде бројот на тужби против новинари за 2 години е намален за 85%.
Втор позитивен тренд е најголем дел од постојните тужби за новинари се одбиени од граѓнскиот суд повикувајќи се на судската пракса од Европскиот суд за човекови права во Стразбур (пример е предметот АД Топлификација против Роберт Поповски).

- **СЛУЧАЈ ФОКУС**

Како негативен пример кој фрла дамка на спроведувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета на македонската судска пракса за правично судење е предметот Сашо Мијалков, Директор на УБК против уредничката на неделникот Фокус Јадранка Костова и новинарот Владо Апостолов. Скопската апелација ја потврди оваа пресуда на Основниот граѓански суд во Скопје со што уредничката и новинарот на Фокус требаше да платат сума од над 9000 евра во име на надоместок за нематеријална оштета и судски трошоци.
ЗНМ ја осуди оваа одлука на Судот како спротивна на праксата на ЕСЧП и во знак на солидарност покрена акција „Солидарност за Фокус" која во ноември 2014 година со помош на новинарите и граѓаните беше собрана целата сума на пари.
Со ова акција новинарите, ЗНМ и јавноста демонстрираше солидарност со новинарите и неделникот Фокус и со тоа не дозволија да се доведе во прашање постоењето на неделникот.
ЗНМ кон почетокот на 2013 година започна тромесечно следење на судската пракса за спроведување на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда. Искусни новинари кои ја следат работата на судот присуствуваат на секое рочиште каде се тужени новинари. Тековно се следат судските процеси и на крај на јавноста ќе бидат презентирани резултатите со цел да имаме појасна слика за тоа како судиите носат одлуки за овие дела за новинарите и дали тие ги почитуваат одредбите од Законот и начелата на судската пракса од ЕСЧП.

Во 2014 година беа организирани две настани за судии и новинари поврзано со спроведување на праксата на европскиот суд за човекови права, и обука за новинари како да избегнат тужби за клевета.
Во 2015 овие активности ќе продолжат со други едукативни активности преку промоција на прирачници и организирање на настани за кревање на свеста со цел да избегнат да бидат тужени за овие дела но и со подобро запознавање на нивните права во случај на тужба за клевета и навреда.

- **СЛУЧАЈ КЕЖАРОВСКИ**

Најсериозен атак врз слободата на изразувањето и слободата на медиумиве за овие четири години беше притворањето на новинарот Томислав Кежаровски, поради наводно откривање на идентитет на заштитен сведок. По шест месеци поминати во притвор, тој од домашен притвор ја дочека одлуката на судот, со која беше осуден на четири и пол години затвор. На иста линија беше и барањето за екстрадиција на новинарот Зоран Божиновски обвинет за шпионажа и рекет.

Уште првиот ден кога беше приведен Кежаровски, ЗНМ застана во негова одбрана затоа што бевме убедени дека тој е невин и не може да одговара за неговата работа како истражувачки новинар. Ние веруваме дека Кежаровски не се огрешил пред законот, туку објавил сторија во која открива злоупотреба на институциите за случај за убиство, што е врвен јавен интерес.

За овој период ние будно го следевме случајот и во клучни моменти соодветно реагиравме преку протести пред судот или јавни обраќања, со кои успеавме да ја сензибилизираме домашната и светската јавност. ние јасно кажавме дека затварањето на Кежаровски не е вперено само кон него како новинар, туку кон сите новинари во Македонија. Намерата на власта е јасна, секој новинар што ќе критикува, ќе биде затворен. Идејата е да се заплашуваат и застрашуваат новинарите со цел да се замолчат и да не ја критикуваат неа.

Под овој постојан притисок во јавноста судските органи беа принудени да го пуштат од затвор Кежаровски и мерката притвор да ја заменат со домашен притвор. Но, работата не е завршена. Мора да направиме се што е во наша моќ, да не дозволиме Кежаровски да заврши во затвор, затоа што со тоа нема да изгубиме само еден колега, туку секој од нас ќе биде мета на власта. Слободата за Кежаровски е и наша слобода.

- **ЗДРАВИ ОДНОСИ СО МЕЃУНАРОДНИОТ ФАКТОР**

Мораме да бидеме искрени дека без поддршката на меѓународниот фактор немаше да бидеме во состојба сами да го сопираме налетот на власта да ги отежне уште повеќе условите за работа на новинарите и медиумите. Затоа макотрпно изградивме партнерски односи со меѓународниот фактор присутен во Скопје, кој во најчести случаи беше силен наш сојузник и заеднички протуркавме неколку проекти, кои имаа за цел да ја подобрат состојбата со слободата на медиумите во Македонија.

Пред се имавме плодна, искрена и отворена соработка со Американската амбасада, Делегацијата на Европската комисија во Скопје и со амбасадите на влијателни земји членки на Европската унија, како што се Германија, Велика Британија, Франција, Холандија, Белгија и други. Не секогаш сме се согласувале, но и покрај се останувавме сојузници затоа што веруваме во исти вредности.

Не смеевме да дозволиме од меѓународниот фактор да направиме наш непријател. И така имавме доста непријатели. Тоа многу го посакуваше власта, затоа што знаеше дека во тој случај нас ќе не етикетира како некооперативни и ќе може многу лесно да не изолира и заобиколи за клучни прашања.

- **МЕДИУМСКИ ЗАКОНИ**

Најголем предизвик за ЗНМ и новинарите беше идејата на Владата, под „амбалажата“ наречена усогласување со европското законодавство да донесе рестриктивни медиумски закони со кои сакаа да ја задржат и да ја зајакнат контролата на електронските медиуми и да ја прошири на печатени, а посебно на онлајн медиумите.

Во врска со медиумските закони ЗНМ, и во вакви општествени услови имаше значителни резултати. Успех беше што донесувањето на новото законодавство за медиуми го одложивме за најмалку три години, со објаснување дека прво треба да се примени постојниот закон, а потоа да се размислува за ново законодавство. Инаку, да нема никој дилеми ставот на ЗНМ е јасен. Медиумските закони, во оваа форма, не ни се потребни.

Не дозволивме новите медиумски закони да се донесат без јавна расправа, туку со помош на меѓународниот фактор и поддршката од другите новинарски и медиумски организации издејствуваме владата да даде три месеци за јавна дебата за законите.

За продолжување на рокот на дебатата за три месеци за медиумските закони ЗНМ во два наврати го собра речиси целиот дипломатски кор од Западниот свет и сите новинарски и медиумски организации. Овој рок ЗНМ го искористи да организира неколку дебати за законот, од кои произлегоа многу забелешки.

Во исто време ние со помош на Холандската амбасада го ангажиравме медиумскиот експерт Питер Норландер од Велика Британија да го анализира законот. Во исто време Советот на Европа и ОБСЕ порачаа сопствени експертизи на законот.

Заедничко на ставовите на ЗНМ и на анализите од европските експерти беше дека законот има сериозни отстапувања од европските стандарди. Како резултат на овој сестран притисок Владата беше принудена да избрише добар дел од предложените членови на законот и да го подели на два дела, Закон за медиуми и за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Како резултат од притисокот и лобирањето на ЗНМ, владата беше принудена да го коригира законот во пет наврати.

Но, напорите на ЗНМ да го коригира медиумските закони не престанаа тука. Координирано со странскиот фактор успеваме да ги симнеме од регулација интернет

порталите, затоа што сметавме дека тие медиуми е единствен медиумски простор надвор од контролата на власта и така треба да остане. Обезбедивме претставување н ЗНМ во новата Агенција за медиуми и во Јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио-телевизија, затоа што ние моравме да бидеме во тек со секој чекор што се презема во областа на медиумите. Освен тоа, ја отворивме жешката тема за обезбедување на одржливо финансирање на МРТ, како прв чекор кон обезбедување целосна независност на јавниот сервис. Ние понудивме решение за финансирањето на МРТ на владините институции, но досега немаме никаква реакција од нив.

## 3. Медиумска саморегулација, формирање на Совет за етика

По тригодишни напори за промоција на идејата за саморегулација во медиумите, кон крајот на 2013 година беше формиран Советот на етика, во кој новинарите ги претставува ЗНМ, а во составот на органите на Советот учествуваат и претставници на медиумите и на јавноста.

Жалбената комисија веќе е оперативна и почна да ги разгледува претставките од јавноста за случаи каде се претпоставува дека се прекршени професионалните стандарди и етика. Составот на комисијата е од компетентни, кредибилни и искусни професионалци и сме убедените дека добро ќе ја исполнат ова многу одговорна обврска.

Советот ја има поддршката на меѓународните донатори и за првите две години со асистенција и на ЗНМ веќе е обезбеден буџетот со помош на Холандската амбасада.

Идејата на саморегулација беше промовирана уште од почеток на 2011 година, кога беше формирана работна група за реализација на процесот на само-регулација составена од новинари, експерти како и сопственици на медиуми.

Беа реализирани 2 студиски посети во Осло и Косово и е спроведена посета од експерт за етика – претседателот на Советот за печат од БиХ во Скопје. Организирани се 12 дебати на локално ниво, тркалезна маса и конференција, со што се вклучени 191 учесник и тоа новинари, уредници, сопственици но и претставници од странските амбасади и претставништва во Р. Македонија. Остварени се повеќе директни средби со сопственици на медиуми, каде е разговарано за потребната на само регулацијата и за придобивките од истата во нашето општество. Идејата за саморегулација беше презентирана и пред невладиниот сектор.

Изработен е нацрт статут на Советот за етика во кој е дефиниран концепт на саморегулација во согласност со добрата пракса од развиени земји од Европа и од регионот. Потпишана е декларација за формирање на Совет на етика во Македонија од мнозинството претставници на печатените и електронските медиуми. Следна фаза во реализација на предвидените активности ќе продолжи тогаш, кога ЗНМ ќе обезбеди средства за формирање и функционирање на Советот за етика. Со ова ќе се исполнат препораките наведени во Извештајот за прогресот на РМ од Европската Комисија за 2011 година, но и ќе се следи трендот на саморегулација кој е застапен низ Европа. Работна

група која го води процесот на саморегулација составена од новинари, експерти како и сопственици на медиуми во 2012 и 2013 година продолжи со работа. Конкретни резултати од работата на оваа група се:

- Реализирани шест локални настани во вториот квартал од 2012 низ шест регионални центри на ЗНМ со вклученост од над 120 новинари,
- Реализирани шест локални настани во четвртиот квартал од 2012 низ шест Регионални центри на ЗНМ со вклученост од над 140 новинари,
- Спроведени 23 состаноци со сопственици на медиуми и претставници на менаџментот во Скопје и регионалните центри со вклученост од 135 лица (единствено состаноци не се одржани со претставници на една национална телевизија и дневен весник),
- Изработени 8 нацрт процедури за работа на Советот за етика и ревидиран Нацрт статут,
- Спроведен дво-месечен мониторинг на прекршување на професионални стандарди од медиумите и изработен извештај,
- Реализирана обука и соработка со претставници на Косовскиот Совет за печат,
- Изработени, испечатени и дистрибуирани на национално ниво промотивни материјали за саморегулација во сите медиуми, и
- Кон крајот на април 2013 се организираше финална конференција на која учествуваа повеќе новинари и сопственици на медиуми.
- Развој на три промотивни видеа за промоција на саморегулацијата кои беа потоа промовирани низ медиуми,
- Остварени над 28 состаноци со сопственици на медиуми во Скопје и шест регионални центри на ЗНМ
- Мониторинг на начин на кој известуваат медиумите
- Подготовки за основачко собрание
- Успешно организирање на основачко собрание и избор на членови на Управен и Надзорен одбор кон крајот на 2013та година. На собранието учествуваа речиси сите медиуми со свои сопственици на национално ниво

Во 2014 година ЗНМ исто така продолжи со соработка и помагање на новосоздаденото тело за саморегулација Совет за етика во медиумите во Македонија. И тоа, со помош при регистрација на организацијата, техничка помош во комуникација на СЕММ со локални и интернационални партнери, техничка помош при организација на настани (користени се канцелариите на ЗНМ како и Клубот на новинарите)и техничка помош при добивање на финансиски средства од донатори за првите две години, и тоа за 2015 и 2016 година. ЗНМ и во иднина ќе ја следи работата на СЕММ и ќе помага во остварување на целите на оваа организација бидејќи и ЗНМ и СЕММ имаат иста цел, а тоа е промоција на професионалните новинарски стандарди и подобрување на степенот на слободата на изразување и независноста на медиумите.

ЗНМ не отстапува од идејата за создавање на Совет на етика како независно саморегулаторно тело кое ќе се грижи за почитување на професионалните стандарди и

етика. Оваа заложба е предвидена во Стратегијата за работа на ЗНМ 2012-2014 и годишната програма на ЗНМ.

Овој процес првично финансиски беше поддржан од Норвешката амбасада во Скопје како и фондација за поддршка на човековите права од Норвешка, а потоа од Британската амбасада во Скопје и од Швајцарската агенција за развој. Поддршка кон процесот даде и Македонскиот институт за медиуми (МИМ).

- **ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА ЗНМ**

**Надградена е постоечката веб страна**, на која се објавуваат сите информации поврзани со работата на Здружението. Веб страната редовно се ажурира и сите информации достапни се на три јазици и тоа македонски, албански и англиски. **ЗНМ има активни профили и на интернет социјалните мрежи** (facebook / twitter) кои редовно се ажурирани и кои ги следат илјадници граѓани. ЗНМ располага со наменски софтвер за членство, кој редовно се ажурира и преку кој по електронски пат редовно се информираат членовите за сите новости.

Организирани се повеќе **консултативни средби** во Клубот на новинари со членството и претставници од партнерските организации и исто така спроведени се чести дебати по регионалните центри преку кој се одржува контактот со членството кое е активно на територијата на Р.М.

На инцијатива на ЗНМ, формиран е **Новинарскиот форум** во кој членуваат четириесетина истакнати уредници и новинари како советодавно тело на ЗНМ. Форумот со кој претседава Сашо Орданоски, од неговото формирање во мај 2011 до овој момент редовно заседаваше по 3 пати во текот на годината. Сите средби се документирани со записници од кои се произлезени конкретни заклучоци кои придонесоа за поуспешна работа на Управниот одбор на ЗНМ. Една од тие активности на иницијатива на Форумот беше новинарскиот протест пред Основниот суд во Скопје во јуни 2012 година кој имаше огромен одзив во јавноста.

Како што е предвидено во статутот, ЗНМ на дента кога го одбележува постоењето (17 февруари) доделува и **годишни, новинарски награди**. Последен пат Здружението на новинарите на Македонија по повод 68от јубилеј ги додели новинарските награди за 2013 година. Добитник на наградата за животно дело „Крсте Петков Мисирков“, постхумно, е новинарот и основач на неделникот Фокус, Никола Младенов, а наградата за истражувачко новинарство „Јашар Еребара“ ја доби новинарот на весникот Нова Македонија Томислав Кежаровски.

Од септември 2012 почна нова пракса, каде во соработка со една од локалните амбасади, ЗНМ организира **настани за вмрежување,** на кој присуствуваат повеќе новинари и истакнати дипломати како и останати јавни личности. До сега организирани се вакви настани со британската, американската амбасада во Скопје, холандската амбасада во Скопје, француската амбасада во Скопје, делегацијата на ЕУ и останати.

Претставници на раководството на ЗНМ се присутни на сите статутарни настани (годишни состаноци и (не) изборни собранија на Европската федерација на новинари и Интернационалната федерација на новинари. Освен тоа, ЗНМ е присутно и на сите регионални медиумски организации, без разлика дали тие се организирани од меѓународни политички или граѓански организации.

**ЗНМ има свој претставник во** Советот на Агенцијата за аудио и аудио медиумски услуги како и во Програмскиот совет на МРТ. Освен тоа, ЗНМ е со свој претставник и во Националниот комитет за евроинтеграции при Собранието на РМ, во Локалната советодавна група за развој на граѓанските организации при ТАКСО како и во останати комисии и други работни тела други организации.

**Канцеларијата на ЗНМ** е постојано отворена во работни денови и секој член има можност да добие информации поврзани со работата на Здружението. Во почетокот на 2011 година канцеларијата на ЗНМ, немаше ниту еден вработен, во моментов има тројца вработени со полно работно време.

ЗНМ се труди постојано да обезбеди **бенефиции за членството** и ги објавува редовно на веб страната. Последна бенефиција која беше позитивно прифатена од членството е, бесплатно користење на паркинг услуги во централното подрачје на Скопје.

Сите овие активности придонесоа кон зголемување на членството на ЗНМ во последната година и во моментот кога е пишуван овој извештај **регистрирани активни членови се 480**.

- **СЛУЧАЈОТ ОД 24 ДЕКЕМВРИ**

После немилиот настан што се случи на 24 декември 2012 година во Собранието на РМ, за време на седница на пратениците на која се расправаше за годишниот буџет, ЗНМ презеде низа активности со цел да се расветли случајот и да се утврди одговорност за виновниците.

Управниот одбор на ЗНМ, веднаш ги прекина сите разговори со Владата се додека институциите не соберат храброст да утврдат одговорност за 24 декември. Со тоа беше покажано дека ЗНМ не е заложник во разговорите со Владата и дека може да ги прекине, тогаш кога ќе се процени дека тие не се во интерес на новинарите.

Новинарите без никаква провокација од нивна страна, тој ден беа насилно исфрлени од собраниската галерија. Веднаш потоа, целата јавност (преку автентични видеа) како и сите странски фактори беа запознаени со овој случај.

ЗНМ ги искористи сите законски можности, кои и стоеја на располагање за да се расветли случајот. Беа поднесени претставки до Секторот за внатрешна контрола, Народниот правобранител, Собранието на Република Македонија. На крај ЗНМ достави и уставна жалба до Уставниот суд, кој неодамна ја одби како неоснована. По исцрпувањето на сите домашни инструменти за заштита на нашите права, ЗНМ поднесе апликација пред

Европскиот суд за човекови права во Стразбур, со барање за овој случај да утврди прекршување на членот десет од Европската конвенција за човекови права.

Незадоволни од тоа како постапија домашните институции на барањата на ЗНМ како и од мартовскиот договор склучен помеѓу најголемите политички партии во врска со овој настан, ЗНМ во октомври 2014 година, преку својот правен застапник Филип Медарски поднесе претставка за случајот со настаните од 24 декември и исфрлањето на новинарите од собраниската галерија до Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

- **СОРАБОТКА СО ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ПАРТНЕРИ**

Раководството на ЗНМ смета дека воспоставување на партнерски однос е од суштинско значење на остварување на целите и мисијата на ЗНМ и затоа има принципиелен став да соработува со сите домашни и меѓународни граѓански организации кои ги споделуваат истите цели.

Во тие рамки ЗНМ соработува со повеќе домашни организации и тоа со Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), Македонскиот институт на медиуми (МИМ), Центарот за развој на медиуми (МДЦ), Центарот за граѓански комуникации, ЦИВИЛ, Коалиција за правично судење, Центарот за економски анализи и со други организации. Исто така ЗНМ остварува и директна соработка со два државни универзитети со катедрите за новинарство и десетина медиуми преку кои реализираше дво-месечна студентска пракса во која учествуваа 24 идни новинари.

Во меѓународни рамки, ЗНМ соработува со Интернационалната / Европската федерација на новинари (IFJ / EFJ), Норвешкото здружени на новинари, Советот за етика на Норвешка, ARTICLE 19, Freedom House, Index on Censorship, International Press Institute, Global Forum for MediaDevelopment, Media Diversity Institute, Open Society Media Program, SouthEastEuropeMediaOrganisationandSouthEastEuropeanNetworkforProfessionalizationofMedia и други. **На последниот форум на SEEMO кој се одржа 17-18 октомври 2014 во Скопје и на кој присуствуваа над 400 новинари и медиумски експерти од целиот свет, ЗНМ беше локален домаќин.**

Од регионот остварена е соработка со Босанскиот и Косовскиот Совет за печат, како и со двете новинарски здруженија на Србија. Во рамките на овие контакти постојат конкретни иницијативи за регионално вмрежување на новинарските здруженија и Совети за печат, бидејќи новинарите од регионот се соочуваат со слични проблеми.

Со МИМ, ЗНМ во 2012 имаше соработка која се однесуваше на **изработка на акциски план за подобрување на состојбите на медиумите** под покровителство на амбасадата на Холандија во Скопје. Преку оваа заедничка активност двете организации спроведоа три конференции во која учествуваа над 140 новинари, уредници и сопственици и изготвија акциски план, во кој се содржат конкретни мерки, преку чие имплементирање би се подобрила состојбата во медиумите.

Во соработка со Центарот за развој на медиуми, **ЗНМ обезбедува бесплатна правна помош за своите членови** во случај на судски спор за делата клевета и навреда. Бесплатната правна помош за членовите на ЗНМ е обезбедена до крајот на 2015 година. Освен тоа, во октомври 2014 година ЗНМ и МДЦ во соработка со Media Defence Initiative од Лондон и International Press Instituteод Виена организираше стручна обука за новинари и адвокати во делот за клевета и навреда.

Воспоставена е редовна комуникација со Интернационалната федерација на новинари и членовите на ЗНМ ја користат привилегијата да извадат IFJ PRESS Card.

Организирани се повеќе консултативни средби со претставници од интернационалните организации како и со странските амбасади. Раководството на ЗНМ се сретна со Еврокомесарот за проширување на ЕК, Штефан Филе, неколку пати со Директорот за проширување на ЕУ Стефано Санино и неговите соработници, Високиот претставник на ОБСЕ за медиуми Дуња Мијатовиќ, Претставници на Советот на Европа, Висок претставник на Стејт Департментот Филип Линдерман, Високи претставници на германското и британското министерство за надворешни работи, Известувачот на Обединетите нации во делот за слобода за изразување Френк Ла Ру (ЗНМ е повеќе пати споменато во неговиот последен извештај за Македонија, Известувачот за Македонија на Европскиот Парламент Ричард Ховит како и неговиот нов наследник Иво Вајдл и останати претставници на членките на ЕУ и Скандинавија.

ЗНМ има и редовни средби со амбасадори на повеќе европски земји и САД, мисијата на ОБСЕ во Скопје, директорите на локалните странски фондации, новинари странски дописници и други.

Обезбедено е учество на членови на работни тела на ЗНМ на неколку европски и регионални конференции во Србија, Косово, Белгија, Црна Гора, Грција, БиХ, Бугарија, Русија итн.

*Почитувани колеги,*

*И во иднина не очекуваат сериозни предизвици. Ние сме на половина пат да обезбедиме оптимални услови за работа на медиумите и не треба да се обесхрабруваме, туку сплотени заедно да се соочиме со нив.*

*Ослободувањето на Кежаровски е највисок приоритет. Не треба да го заборавиме и Божиновски иако малку е веројатно дека српските власти ќе го екстрадираат во Македонија.*

*Без реформата на јавниот сервис не може да очекуваме дека ќе направиме сериозно подобрување на вкупната состојба во медиумите. Законско регулирање на владините кампањи и на други извори на финансирање на медиумите од јавни пари, е клучно за да го намалиме финансискиот притисок врз медиумите од власта. Измените на медиумското законодавство треба да бидат покренати во најбрзо време, посебно во делот на обезбедување на независност на регулаторното тело и на јавниот сервис.*